**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска на „ОДБРАНБЕН ФОРУМ 2023“**

Скопје - 07 април 2023 година

Ви благодарам што сте денеска тука на овој форум кој се случува во рамките на одбележување на годишнината од членството во НАТО и Денот на НАТО, а на кој претходеа серија на настани кои ги организиравме, а круната на сите овие настани е токму денешниот Форум.

Она кон што целиме е целосна симбиоза помеѓу одбраната и Армијата, од една страна, и академскиот и невладиниот сектор, од друга, зашто ние сме меѓусебно зависни и речиси секојдневно мора да соработуваме, да се координираме и заеднички да изнаоѓаме решенија на сите предизвици. Ова се однесува на развојот на Армијата, унапредувањето на одбранбениот систем и безбедноста на државата.

Денеска, Република Северна Македонија е кредибилна земја членка на НАТО Алијансата со рамноправен придонес во сојузот кој веќе брои 31 земја. Демократски земји кои ги делат исти вредности.

Во овие три години колку што сме дел од најмоќниот воено политички сојуз покажавме дека Северна Македонија е подготвена да го даде својот придонес во колективната безбедност, во гаранцијата за стабилноста на секоја членка на НАТО и во гаранцијата за безбедноста на секој граѓанин на сојузот.

Ние сме НАТО значи токму тоа – ние сме составен дел од НАТО и од нас како и од сите останати земји членки, зависи колку НАТО ќе одговори на својата задача да биде заштиник на заедничките цивилизациски вредности, слободата, правдата и демократијата.

Северна Македонија покажа дека недвосмислено стои зад овие вредности. Тоа го покажавме со јасно изразениот став на осуда на нападот над суверенитетот и интегритетот на Украина и нејзиното право на слобода, со брзата, но темелно обмислена реакција на нивните барања за помош да се одбранат од овој напад, со нашето внимание тоа во никој случај да не влијае на борбената готовност на Армијата туку напротив да ја засили уште повеќе посветеноста на инкорпорирање на најсовремената опрема во редовите на Армијата, бидејќи силна, способна и опремена Армија на Република

Северна Македонија значи силна гаранција за безбедноста на својата земја и посветеноста на НАТО Алијансата.
Целосно се вклучивме во зацврстувањето на колективната безбедност со учество на припадниците на Армијата во мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Бугарија и Романија, со учеството во мисиите на Алијансата на Косово и во Ирак, и со нашиот придонес во командите и седиштето на Алијансата.

Денеска нашите интереси, нашите размислувања се слушнати и валоризирани, а нашиот придонес во колективната безбедност е високо ценет од нашите сојузници. И на тоа треба да бидеме горди.

Довербата и интегритетот на Армијата кај граѓаните за нас е „јавното добро" што грижливо и одговорно го чуваме, и правиме тоа да биде неисцрпливо. Модернизацијата, развојот на човечките и материјални капацитети, одржливоста, доброто управување и прецизната регулација, како и растечката и императивна цел за заштита на безбедноста и стабилноста, се суштински елементи за неопходно зајакнување на довербата.

Во таа насока, нашата агенда е јасен отсјај на целта кон која сме свртени, но и поттик за важноста за интегрирање на факторите во безбедносно одбранбениот систем, општествената одговорност и управување, при спроведување на зацртаните планови, задачи и уставни обврски.

Силната корелација помеѓу безбедносните ризици и закани и состојбата во регионот и на европскиот континент, треба што подобро да се искористи. Оттука, Министерството за одбрана останува посветено во спроведувањето на сите мерки и активности кои се во негова надлежност предвидени и со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности, Стратешкиот концепт на НАТО како и Концептот МКД НАТО 2030.

Несомнено, развојот на Армијата ќе одигра многу важна улога во зголемувањето на можностите на целокупниот безбедносен систем на земјата овозможувајќи пристап од т.н. 360 степени преку превенција до надминување на безбедносните предизвици.

Министерството за одбрана, денеска сме силно посветени на реформата и зајакнување на нашиот одбранбен систем, вклучувајќи ја сржта на она што се нарекува одбрана – нашата цивилна структура, кризниот менаџмент, изработуваме нови законски решенија за области кои се навистина клучни во одбраната, како на пример критичната инфраструктура, зајакнување на демократската и цивилна контрола над секторот за воено разузнавање, статусот на вработените во Министерството за одбрана.

А, ако сакаме македонската одбрана да биде пример за функционалност, мораме да имаме мултисекторски пристап кој можеме да го видиме и денеска тука во оваа сала. Исто како што НАТО го дефинира својот пристап – а, тоа е „Заедно посилни", така и ние дома само ако сме заедно, ако сме здружени и со исти цели, можеме да бидеме посилни во гарантирањето на безбедноста за секој граѓанин на Северна Македонија.

Денешниот форум отвора можност за сеопфатни дискусии од кои можеме да извлечеме значајни поенти.

Кризниот менаџмент не е само наша домашна задача – тоа е и обврска која со сојузниците ја дефиниравме и во новиот Стратешки концепт на Алијансата донесен минатата година на Самитот во Мадрид. Кризниот менаџмент е еден од трите столба, трите клучни задачи на Алијансата и Северна Македонија работи на суштинска реорганизација на овој систем.
Преку обединување на сите ресурси и оперативни капацитети ќе создадеме уште пофункционален систем поставен под единствена субординација и менаџирање. На тој начин ќе имаме целосно исполнување на третата одбранбена мисија - поддршка на Армијата во цивилни цели.

Тема на која ќе се осврнеме е и соработката со приватниот сектор во доменот на безбедноста, концептот на јавно-приватно партнерство. Заштитата на критичната инфраструктура е област на која мораме да и пристапиме темелно и без импровизации. Мораме да бидеме разумни и ефикасни и да го искористиме сиот потенцијал во државата.

Ќе разговараме и за улогата на цивилното општество во градењето на отпорност, што е особено важно во справувањето со неконвенционалните, хибридни закани чиј составен дел е и справувањето со дезинформациите.

На таа тема имаме навистина многу да кажеме, особено што Министерството, слободно ќе кажам, предводи во развојот на овие капацитети. Развиваме систем за справување со дезинформации кој, меѓу другото, се темели и на соработката со цивилниот сектор кој е агилен и брзо прилагодлив – два елементи кои се исклучително важни за ефикасно справување со оваа негативна појава која има огромен деструктивен потенцијал. Дезинформациите и сајбер нападите целат директно во суштината на општеството – во демократските процеси, довербата на граѓаните во институциите и демократски избраните влади, во функционалноста на системот.

Како што се менува светот, НАТО ќе продолжи да се менува, а од тука и ликот на македонската Армија и Министерството за одбрана ќе се менува со цел да бидеме во чекор со времето, зајакнувајќи ја превенцијата и раното предупредување на целокупниот безбедносен систем.

Почитувани присутни,
ви посакувам успешни и плодни дискусии. Во секој од нас постои и потенцијал и знаење и, најважно, мотив, да придонесеме Република Северна Македонија да биде уште поуспешна приказна. Да дадеме сè од себе зашто заедно можеме да најдеме вистински и одржливи решенија за сите предизвици на новото време.

Ви благодарам.